( Образец ПП……)

**До:** Основен суд Прилеп
**(имател на информацијата)**

ОСНОВЕН СУД
ВО ПРИЛЕП
ПРИМЕНО
на 28 MARS 2025 год.

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: Адвокат Кирил Петрески Прилеп, Бул. „Гоце Делчев“ бр. 47/2А Прилеп, тел. 077/968-585, е-маил: kiril_petreski@yahoo.com
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Адвокати поставени по службена должност; со име и презиме, редоследот по кој истите се поставувани со датуми на поставување, фотокопии од евиденцијата за адвокатите поставувани по службена должност од страна на Основен суд Прилеп, сето за 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно.
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- (в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- (а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во** Прилеп 28.03, 2025 **година .**

**Потпис**
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)
АДВОКАТ
М-р КИРИЛ ПЕТРЕСКИ
ПРИЛЕП

+ прилог: пропратен поднесок кон ова барање

На ден 28.04.2025 година
примив копии од списоци од адвокати по службени должности.

*А Д В О К А Т С К А   К А Н Ц Е Л А Р И Ј А*
***адвокат м-р Кирил Петрески | адвокат м-р Александра Ристова Петреска***
*адреса:* Бул. „Гоце Делчев“ бр.47/2ª, *-7500 Прилеп | e-mail: kiril_petreski@yahoo.com|*
*тел. 077/96-85-85 | e-mail: aleksandra.ristova@outlook.com | тел. 078/44-29-65*

**ДО:**
**ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП**

**Пропратен поднесок кон**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**БАРАТЕЛ НА ИНФОРМАЦИЈА:** Адвокат м-р Кирил Петрески од Прилеп со седиште на адвокатска канцеларија на Бул.„Гоце Делчев” бр.47/2ª, 7500 Прилеп, Р.С.Македонија, со ЕДБ: 5032014502154, ЕМБС: 6984290 и корисничко име за електронска достава: Advokat Kiril Petreski и податок за електронско сандаче за достава на писмената регистрирано согласно закон: *kiril_petreski@yahoo.com*

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ги барам следните информации од јавен карактер:

Имајќи предвид дека согласно чл.63 од Судскиот деловник, во канцеларијата на претседателот на судот се води евиденција за адвокати поставени по службена должност, барам во писмена форма да добијам информации и тоа за:

1. Адвокатите поставени по службена должност со име и презиме, за 2022, 2023, 2024 и 2025 година?

2. Редоследот по кој истите се поставувани, со датуми на поставување, за 2022, 2023, 2024 и 2025 година?

3. Фотокопии од евиденцијата за адвокатите поставувани по службена должност, за 2022 годинна, 2023 година, 2024 година и 2025 година соодветно.

4. Горе-наведените информации ги барам за периодот од 01.01.2022 година до денот на поднесување на ова барање.

Содржината на бараните информации барам да ми биде доставена <u>во писмена форма и во фотокопија, по пошта</u>.

Барател на информација

**Во Прилеп, 28.03.2025година**

А Д В О К А Т
м-р КИРИЛ ПЕТРЕСКИ
ПРИЛЕП

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
СПИ.бр.6/2025
04.04.2025

Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер при Основниот суд во Прилеп Даниела Момироска-самостоен судски советник, постапувајќи по барањето на адвокат Кирил Петрески, за пристап на информации од јавен карактер од 28.03.2025год., согласно чл.20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, на ден 04.04.2025год. го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

Согласно барањето за слободен пристап на информации од јавен карактер од 28.03.2025год. на адвокат Кирил Петрески,

Ве известуваме:

Согласно Именикот на адвокати за подрачјето на Основен суд во Прилеп, се назначуваат адвокати по службена должност кога обвинетиот е сиромашен, односно кога тоа го бараат интересите на правдата и е задолжителна одбрана со бранител. Судот води своја листа на адвокати поставени по службена должност која се ажурира еднаш годишно. Листата судот ја изготвува врз основа на Именикот на адвокати со подрачје на судот. Адвокатите се назначуваат по принципот на ротација. Кои адвокати се поставени по службена должност со име и презиме за 2022, 2023, 2024 и 2025год., може да се види при вршење на увид во електронската евиденција кај Претседателот на Основен суд Прилеп, секој ден во текот на работното време, од 17:30 до 15:30ч.

## О б р а з л о ж е н и е

По поднесеното барање на адвокат Кирил Петрески за слободен пристап на информации од јавен карактер 28.03.2025год., Основниот суд во Прилеп постапувајќи согласно чл.20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, одлучи како во изреката на решението.

ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
Службеното лице- Самостоен судски советник
Даниела Момироска

ПРАВНА ПОУКА:Рок за жалба 15 дена по приемот на решението преку овој суд до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП**

11 АПР 2025

**Ознака на список** СПИ - 6/25

**Ев.** ______

**Пресуда** ______

# ДОСТАВНИЦА

**Примател** Адв. Кирил Петресли

**Именување на актот што се доставува** 1 решение

**Број на прилози** ______

**Потврдувам дека го примив напред означениот акт на (со букви)** 11.04.2025г.

**Потпис на примателот**

**Потпис на доставувачот**

1. Ако лицето до кое писменото треба да се достави не се затече во својот стан, доставувањето се врши со предавање на писменото на некој од неговите полнолетни членови на домаќинството, кој е должен да го прими писменото.

_______________

2. Ако доставувањето се врши на работното место на лицето до кое треба да се достави писменото, а тоа лице не се затече тука, доставувањето може да се изврши на лице кое работи на истото место, ако тоа се согласи да го прими Писменото

3. Кога лицето до кое е упатено писменото, односно полнолетниот член на неговото домаќинство, односно овластено лице или работник на државен орган или на правно лице, без оправдана причина ќе одбие да го прими писменото, доставувачот ќе го остави во станот или во просториите каде што односното лице работи или писменото ќе го прикачи на вратата од станот или просторијата.

4. Ако примателот одбие да ја потпише доставницата, доставувачот тоа ќе го забележи на доставницата и ќе го испише со букви денот на предавањето и со тоа се смета дека доставувањето е извршено на __________ 20 ______ година во часот. ______

Причини за одбивање на приемот

_______________

_______________

Потпис на доставувачот

_______________

Образец СД Бр. 30 (член 165 став 5 од СД) - Доставница по граѓански предмети (бела боја)